Врз основа на член 32 став 1 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр. 52/2010 и 135/2011) на 07.12.2020 година, и член 6 од Актот на основање основачите: Цветко Смилевски и Цена Смилевска го донесоа следниот

# С Т А Т У Т
## на Фондација БАС ИНСТИТУТ ЗА МЕНАЏМЕНТ Битола

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут се утврдуваат:

- Името и седиштето на Фондацијата;
- Целите на Фондацијата;
- Дејноста со која се остваруваат целите на Фондацијата;
- Името и адресата на основачот;
- Внатрешната организација, видот и составот на органите, надлежностите, начинот на избор и разрешување на членовите на органите, траење на мандатот на членовите на органите и начинот на одлучување;
- Законското застапување;
- Начинот на стекнување и располагање со средствата;
- Можните корисници на средствата;
- Начин на донесување на деловни, финансиски и други извештаи;
- Начинот на остварување на јавност и транспарентност во работата;
- Органите и начинот на вршење на контрола над работата на Фондацијата;
- Начинот на донесување, изменување и дополнување на статутот;
- Начинот на одлучување за статусни измени и престанок на Фондацијата;
- Постапување со средствата на Фондацијата во случај на престанок на Фондацијата;
- Начинот на донесување на планови и програми и
- Други прашања утврдени со закон.

## II. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 2**

Името (називот) на Фондацијата е: Фондација БАС ИНСТИТУТ ЗА МЕНАЏМЕНТ Битола (скратен назив БАС ИНСТИТУТ ЗА МЕНАЏМЕНТ Битола).

**Член 3**

Фондацијата има статус на правно лице и е непрофитна организација.

**Член 4**

Седиштето на Фондацијата е во Битола, ул. Херцег Нови бр.6.

**Член 5**

Фондација има свој печат и штембил.

Печатот е во тркалеста форма и го содржи натписот: Република Северна Македонија Фондација БАС ИНСТИТУТ ЗА МЕНАЏМЕНТ Битола. Во средината на печатот е грбот на Република Северна Македонија.

Штембилот има правоаголна форма, во кој што редоследно е напишан текстот: Фондација БАС ИНСТИТУТ ЗА МЕНАЏМЕНТ Битола, Бр.__________________,

___________год., Битола.

## III. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 6**

Цели на фондацијата се:

1) Да врши научно истражувачка работа;
2) Да создава авторски дела;
3) Да врши други услуги од јавни овластувања;
4) Да врши пренос на научно и стручно знаење и други остварувања како дел од применувачката дејност на основачот;
5) Да врши издавачка дејност;
6) И да врши други потреби согласно Закон, Статут и други акти на фондацијата.

## IV. ДЕЈНОСТИ ПРЕКУ КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 7**

За остварување на целите наведени во член 6, Фондацијата остварува соработка со различни образовни, научни и истражувачки установи, државни органи и јавни служби, средства за масовно информирање и различни невладини организации во Р.С. Македонија и странство.

Примарен фокус на научните истражувања на Институтот е полето

506 Организациони науки и управување (менаџмент)

Покрај овој фокус, заради интердисциплинарната поврзаност на појавите ќе се вршат истражувања уште и во следните научни полиња:

502 Демографија
503 Економски науки
505 Образование
509 Јавна управа и администрација
510 Психологија

511 Социологија
514 Туризам и угостителство

## V. ОСНОВАЧ НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 8**

Основач на Фондацијата се физичките лица (во понатамошниот текст основачи) :

1. Цветко Смилевски со ЕМБГ 3003947450050, бр. на лична карта А1366037 и адреса на живеење ул. БУЛ.1-ВИ МАЈ бр.54/8, Битола;
2. Цена Смилевска со ЕМБГ 0103948455165, бр. на лична карта А1366038 и адреса на живеење ул. БУЛ.1-ВИ МАЈ бр.54/8, Битола;

**Член 9**

Фондацијата ја основаат Цветко Смилевски и Цена Смилевска со имотна маса која изнесува вкупно 10.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на еврото објавен од Народна банка на Република Северна Македонија, изразена во процена на предмети за внесување на средства во фондацијата.

**Член 10**

Основачите имаат право:

1) Да учествуваат во управувањето на Фондацијата;
2) Да бидат информирани за работењето на Фондацијата;
3) Да вршат увид во книгите и другите документи на Фондацијата;
4) Да одлучуваат за промена на целта, името, начинот на донесување, изменување и дополнување на статутот и престанокот на фондацијата и
5) Имаат други права определени со закон.

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 11**

Фондацијата средствата за финансирање ги стекнува од:

- основачкиот влог;
- средства од донации, од домашни и странски извори;
- подароци (во пари, добра, имотни права)
- приходи на Буџетот на Р.С. Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- приходи од остварени услуги;
- приходи од учество на домашни и меѓународни проекти;
- приходи од инвестиции;
- други извори на средства.

Фондацијата може да остварува приходи и од добивката на трговските друштва што ги основала, заради остварување на своите цели и задачи утврдени со Статутот.
Средствата на Фондацијата стекнати во согласност со став 1 од овој член, се сопственост на Фондацијата.

**Член 12**

Фондацијата може да отвори тековната сметка во деловна банка.
За законско користење на средствата на фондацијата е одговорен основачот и директорот на фондацијата, како и за давање наредби, или лице овластено со посебна одлука од основачот на фондацијата.

**Член 13**

Донаторите што вложуваат средства или имотни права по основањето на Фондацијата немаат статус на основачи.

## VII. КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА

**Член 14**

Фондацијата ќе ги употребува финансиските средства за остварување на своите цели определени со овој Статут и Програмата.
Корисници на средствата на фондацијата може да бидат и сите домашни, странски, правни и физички лица во согласност со статутарните цели и задачи на фондацијата.

## VIII. ОРГАНИ И ТЕЛА НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 15**

Фондацијата има два органи на управување: Одбор и директор.
Фондацијата има и научен совет како стручно тело на Фондацијата .

**Одбор на Фондацијата**

**Член 16**

Одборот го сочинуваат 5 (пет) членови именувани од основачот. Најмалку половина од членовите на Одборот мора да се државјани на Република Северна Македонија.
Мандатот на членовите на Одборот трае 4 години, со право на повторно именување.

**Член 17**

Одборот на првата седница, од своите редови избира претседател и негов заменик.

Претседателот и Заменикот на претседателот се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Одборот.

Мандатот на Претседателот и Заменикот на претседателот е 4 години, со право на повторен избор.

**Член 18**

Членовите на Одборот се одговорни за остварување на целите на фондацијата утврдени со овој Статут.

Членовите на Одборот се одговорни за штетата предизвикана од нивната работа или поради нејзино запоставување.

Основачот доколку констатира дека за член на Одборот се исполнети условите за одговорност предвидени во став 1 и 2 од овој член, имаат право да го разрешат и на негово место именуваат нов член. За разрешување на член на одборот потребна е согласност на основачот.

**Член 19**

Член којшто сака да истапи од Одборот, тоа треба да го стори во писмена форма. Во случај на испразнето место во Одборот, лицето коешто ќе го пополни тоа место ќе го врши својот мандат до истекот на мандатот на претходниот член.

**Член 20**

Членовите на Одборот по правило не примаат паричен надоместок за нивната работа.

Членовите на одборот можат да примат паричен надоместок за извршување на специфични задачи кои им ги доделил Одборот, ако тоа го дозволува финансиската ситуација на Фондацијата.

**Член 21**

Одборот ги има следните надлежности:

- Донесува годишен извештај за работа на Фондацијата.
- Донесува годишен план за работа на Фондацијата.
- Донесува соодветни правилници и други општи акти.
- Одлучува за условите и распределбата на средствата на фондацијата.
- Одлучува за членување на Фондацијата во домашни и меѓународни здруженија.
- Донесува одлуки по приговори и жалби.
- Донесува одлуки за формирање на работни тела и ја насочува нивната работа.
- Врши и други работи согласно со Статутот и општите акти на Фондацијата.

**Член 22**

Одборот одлучува со јавно гласање со мнозинство гласови од присутниот број на членови.

За да може Одборот полноважно да одлучува потребно е да се присутни повеќе од половината од вкупниот број на членови. Присуството може да биде физички (во просторијата каде се одржува состанокот) или далечински преку видео и/или аудио конференциска врска.

**Директор**

**Член 23**

Директорот го избира Одборот на фондацијата.
Мандатот на Директорот е 4 години, со право на повторен избор.

**Член 24**

Директорот ги има следните надлежности:

- Ја раководи и застапува Фондацијата
- Изготвува годишен извештај за работа на Фондацијата
- Изготвува годишен план за работа на Фондацијата
- Изготвува соодветни правилници и други општи акти
- Врши и други работи согласно со Статутот и општите акти на Фондацијата

**Член 25**

Директорот е одговорен за успешно раководење на фондацијата и реализација на дејностите на фондацијата утврдени со овој Статут.
Директорот е одговорен за штетата предизвикана од неговата работа или поради нејзино запоставување.
Доколку Одборот констатира дека за директорот се исполнети условите за одговорност предвидени во став 1 и 2 од овој член, има право да го разреши и да именува нов директор.

**Член 26**

За својата работа Директорот може да прима паричен надоместок ако тоа го дозволува финансиската ситуација на Фондацијата.

**Научен совет**

**Член 27**

Научниот совет е стручно тело на Фондацијата. Членови на Научниот совет ги бира Одборот според потребите од програмата за работа на Фондацијата.

**Член 28**

Научниот Совет ги разгледува истражувачките и апликативните проекти и извештаите од нивното спроведување и доставува свое мислење до Одборот и до Директорот.

## IX. ЧЛЕНОВИ, ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 29**

Член на фондацијата може да биде секој граѓанин, државјанин на Република Северна Македонија, кој што го прифаќа статутот и програмата на фондацијата. Зачленувањето се врши со потпишување на пристапна изјава.

**Член 30**

Членството во фондацијата престанува доброволно и со исклучување.

На лицето доброволно ќе му престане членството доколку до одборот на фондацијата или директорот, достави писмена изјава за истапување од членството на фондацијата, во која ќе бидат наведени и причините за прекин на членството во фондацијата.

**Член 31**

Член може да се отповика во следните случаи:

– Доколку го крши овој статут или други акти на фондацијата.
– Потешко го повредува угледот и честа на фондацијата.
– Предлог за исклучување од членство до директорот на фондацијата може да достават одборот или на фондацијата.

**Член 32**

Правата и должностите на членот на фондацијата се:

– Да ја спроведува програмата и да учествува во други активности на фондацијата, почитувајќи ги притоа националната, религиската (верската) и политичката припадност на членовите, и ограничувањата што од нив можат да произлезат.
– Да предлага донесување одлуки и рамноправно, во согласност со демократските односи во фондацијата, да учествува во одлучувањето и да преземе одговорност за донесените

одлуки и истите да ги извршува.
– Да избира и да може да биде избран за сите функции во фондацијата, во сите органи и тела на фондацијата, раководењето на различни активности.

**Член 33**

За успешна работа во фондацијата, на поединец или правно лице може да му биде доделено признание, што се регулира со одлука на директорот на фондацијата.

## X. ВРЕМЕТРАЕЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 34**

Фондацијата се основа на неопределено време.

**Член 35**

Фондацијата престанува со работа:

- Со одлука на основачите;
- Ако се утврди дека престанала да функционира;
- Ако средствата не се доволни за остварување на нејзините цели и задачи определени со Актот за основање и Статутот;
- Ако го изгуби својот имот;
- Ако целта за која е формирана е исполнета или не може да се исполни;
- Ако работи спротивно на одредбите од Законот за здруженија и фондации и
- Ако работењето на Фондацијата не е во согласност со нејзиниот Статут.
- во други случаи определени со закон.

## XI. УПРАВУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 36**

Со имотот на фондацијата располагаат и управуваат основачот преку Одборот.
За отуѓување на имотот на фондацијата одлучува основачот.

**Член 37**

По престанокот на работата на Фондацијата, депонираните средства што остануваат по намирување на побарувањата се распределуваат на основачот или неговите законски наследници/следбеници во висина на износот од висината на влогот, а за износот над вложениот износ се распределуваат на основачот.

## XII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА И ИНФОРМИРАЊЕ

**Член 38**

Работата на Фондацијата е јавна. За јавноста во работата на фондацијата одговорен е одборот на фондацијата.

**Член 39**

Одборот најмалку еднаш годишно поднесува извештај за работењето.
Извештајот за работењето е јавен документ и се објавува на web страната на фондацијата.

## XIII. ОДЛУЧУВАЊЕ

**Член 40**

Секој договор или деловна активност чијашто вредност е над 20% од вредноста на капиталот на Фондацијата врз основа на последниот годишен финансиски извештај, се одобрува од Основачот на Фондацијата.
Секој договор или деловна активност чијашто вредност е од 5 % до 20% од вредноста на капиталот на Фондацијата врз основа на последниот годишен финансиски извештај се одобрува од Одборот со мнозинство гласови.
За секој договор или деловна активност чијашто вредност е до 5% од вредноста на капиталот на Фондацијата врз основа на последниот годишен финансиски извештај одлучува директорот на Фондацијата.

## XIV. ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

**Член 41**

Одлука за изменување или дополнување на одредбите од Статутот на фондацијата носи основачот.
Измени и дополнувања на овој Статут се вршат во иста постапка како за неговото донесување.

## XV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 42**

Право на толкување на одредбите на овој Статут имаат основачите на Фондацијата.

**Член 43**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување

Битола, 07.12.2020

**Основачи:**

**Цветко Смилевски**

**Цена Смилевска**